Архивски знак: 0908
Рок на чување: 05 год.
28.04.2016 година
Потпис

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**ЦАРИНСКА УПРАВА**

01.10.00.УП.001.03-ОБ.05.03

Врз основа на член 169 став 3 од Законот за јавни набавки („Службен весник на РМ", број 27/15, 78/15, 192/15 и 27/16 ), член 49 став 2 и член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ", број 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), Директорот на Царинска управа на Република Македонија донесе

## О Д Л У К А

за поништување на постапката за доделување на договор за јавна набавка

Постапката за јавна набавка – "Набавка на знамиња" со постапка со барање за прибирање на понуди, со објавен оглас број 11/2016, се поништува согласно член 169 став 1 алинеја 3 од Законот за јавни набавки.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Врз основа на член 28 од Законот за јавни набавки, Директорот на Царинска управа на Република Македонија донесе Одлука за јавна набавка „Набавка на знамиња" - број 05-001875/16 -0003 од 28.03.2016 година

Потребните средства во вкупен износ до 300.000,00 денари, вклучувајќи ги и трошоците за даноци и други јавни давачки, се планирани и обезбедени со буџетот на Царинска управа на Р.Македонија за 2016 година, раздел 09003 сметка 787 програма 20 ставка 426.

Согласно член 37, член 100 и член 121 од Законот за јавни набавки, набавката се спроведе во хартиена форма со постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас во ЕСЈН, со примена на електронска аукција.

Комисијата за јавни набавка изготви Извештај од спроведена постапка број 05-001875/16-0018 од 27.04.2016 година, во која прворангираниот економски оператор има понудено цена од 636.433,00 денари, која е повисока за 336.433,00 ден. од средствата кои се планирани и обезбедени со буџетот на Царинска управа на Р.Македонија за 2016 година.

Комисијата за јавни набавка предлага две алтернативи каде во првата алтернатива се предлага избор на најповолна понуда и при тоа да се дообезбедат дополнителни средства од 336.433,00 денари, а во втората алтернатива се предлага да се поништи набавката согласно член 169 став 1 алинеја 3 од Законот за јавни набавки, доколку потребните средства не може да се дообезбедат.

Првата алтернатива за дообезбедување на дополнителни средства не е прифатлива, од причина што спроведената постапка е со вредносен праг до 5.000 Евр, а со дообезбедувањето би се поминала законската вредносна граница и би се

преминало во друг тип постапка за јавна набавка со повисок вредносен праг и поинакви услови.

Од горенаведените причини, се прифаќа втората алтернатива со која се предлага поништување на постапката согласно член 169 став 1 алинеја 3 од Законот за јавни набавки, односно не е поднесена ниту една соодветна понуда.

Имајќи го во предвид горенаведеното, а по оцена на сите факти и докази приложени кон списите на предметот, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Упатство за правно средство:

Согласно член 200, член 207, член 214 и член 216 став 2 од Законот за јавни набавки, економскиот оператор има право да поднесе Жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки.

Жалбата се поднесува лично или по препорачана пошта истовремено до договорниот орган и до Државната комисија, во рок од 3 (три) дена од денот на прием на известувањето.

Директор,
Наташа Ѓадеска-Крстевска

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА
СКОПЈЕ

Бр. 05-001875/15-0020
Скопје, 28.03.2016 год. 03-05-2016 г.

Доставено во оригинал до:

- Председател на Комисија за јавни набавки
- Архива/писарница

Доставено преку ЕДМС до:
- Комисија за јавни набавки
- Одделение за јавни набавки